**ОБЕДИНЕТИ НАЦИИ**

| | | |
|---|---|---|
| Меѓународен суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година | Предмет бр.: | ИТ-04-82-Т |
| | Датум: | 27. август 2007 |
| | Оригинал: | англиски |

## ПРЕД СУДСКИОТ СОВЕТ II

| | |
|---|---|
| **Судии:** | **Судија Кевин Паркер, Претседавач**<br>**Судија Кристине ван ден Вингаерт**<br>**Судија Кристер Телин** |
| **Секретар:** | **г. Ханс Холтхуис** |
| **Датум на поднесување:** | **27. август 2007** |

**ОБВИНИТЕЛОТ**

**против**

**Љубе БОШКОВСКИ**
**Јохан ТАРЧУЛОВСКИ**

**ЈАВНО**

## РЕШЕНИЕ ПО ПОДНЕСОКОТ ОД ОБВИНИТЕЛСТВОТО СО БАРАЊЕ ЗА ПРИФАЌАЊЕ ВО ДОКАЗНИТЕ СПИСИ НА ДОКАЗНИ ДОКУМЕНТИ ПРИЛОЖЕНИ КОН ИЗЈАВАТА НА СВЕДОКОТ ЈОРГЕН ЕНГЕЛ СО ДОВЕРЛИВИ АНЕКСИ ОД А ДО З

**Канцеларијата на Обвинителот:**

г. Дан Саксон
г-ѓа Јоане Мотоике
г. Матиас Неунер
г-ѓа Мерител Реги

**Одбрана:**

г-ѓа Едина Решидовиќ и г. Гуенел Метро за Љубе Бошкоски
г. Антонио Апостолски и г-ѓа Јасмина Живковиќ за Јохан Тарчуловски

1. Ова решение на Судскиот совет II е во врска со „Поднесокот од Обвинителството со барање за прифаќање во доказните списи на доказни документи приложени кон изјавата на сведокот Јорген Енгел со доверливи Анекси од А до З“ поднесен доверливо на 25. мај 2007 (понатаму во текстот: Поднесок).[1] На 11. јуни 2007, бранителот на Љубе Бошкоски (понатаму во текстот: Одбрана на Бошкоски) поднесе „Реакција на Поднесокот од Обвинителството за прифаќање во доказните списи на доказни предмети директно од Обвинителството – ИМГ документи“ (понатаму во текстот: Реакција од Бошкоски) во која се бара барањето на Обвинителството да биде одбиено. Бранителот на Јохан Тарчуловски не поднесе реакција. На 15. јуни 2007, Обвинителството поднесе одговор на Реакцијата од Бошкоски со барање дозвола да поднесе одговор и молба барањето во поднесокот да им биде одобрено.[2]

## A. Аргументи на страните

2. Обвинителството тврди дека документите за коишто се работи во нивниот поднесок се релевантни за товарењата, особено за точка 3 од Обвинението што се однесува на безобзирно уништување на градови и села.[3] Понатаму се тврди дека документите имаат доказна вредност и се веродостојни со оглед на тоа дека потекнуваат од ИМГ, Меѓународна менаџерска група, специјализирана меѓувладина независна организација.[4]

3. Одбраната на Бошкоски тврди дека веродостојноста и доказната вредност на документите не била утврдена. Се тврди дека г. Јорген Енгел дава само општи информации за методите и улогата на ИМГ и дека според доказите се има впечаток дека тој лично не бил вклучен во процената на штетата настаната во Љуботен.[5] Освен тоа нема докази за тоа кој ја извршил таа работа и на кои информации се базираат нивните заклучоци.[6] Покрај тоа, некои информации содржани во четири различни документи од Канцеларијата на Обвинителот

[1] Доверливиот анекс А се состои од еден документ наречен „Методологија за проценка на семејни куќи на ИМГ“. Доверливиот анекс Б вклучува една „листа на куќи оштетени во конфликт во селото Љуботен, Општина Чаир“ со датум од октомври 2001. Доверливиот анекс В содржи мапи од селото Љуботен и од Љуботенски Бачила. Доверливиот анекс Г вклучува 88 „фотографии од куќи оштетени во конфликт во областа на селото Љуботен и Љуботенски Бачила“. Доверливиот анекс Д претставува „листа на обновени куќи од ДДЦ/ИМГ во селото Љуботен, Општина Чаир“ со датум од декември 2003. Доверливиот анекс Ѓ вклучува мапа на обновени куќи од ДДЦ/ИМГ во селото Љуботен, декември 2002. Доверливиот анекс Е содржи „фотографии на обновени куќи од ДДЦ/ИМГ во селото Љуботен“ и Доверливиот анекс Ж се состои од табела на обновените семејни куќи оштетени во конфликт. Доверливиот анекс З се состои од 10 фотографии од „викендички оштетени во категоријата III и IV во областа на Љуботенски Бачила“.
[2] Одговор од Обвинителството на Реакцијата од Одбраната на Бошкоски на Поднесокот од Обвинителството за прифаќање во доказните списи на доказни предмети директно од Обвинителството – ИМГ документи, поднесен на 15. јуни 2007.
[3] Судскиот совет обрнува внимание на тоа дека овие товарења се содржани во точка 2 од Обвинението.
[4] Поднесок, параграфи 4 и 7.
[5] Реакција од Бошкоски, пар. 6.
[6] Реакција од Бошкоски, параграфи 11 и 16.

укажуваат на тоа дека документите што се бара да бидат прифатени не се доволно веродостојни.[7] Одбраната на Бошкоски исто така тврди дека датумот кога била причинета штетата на објектите не е сосема јасно даден[8] како и причината за штетата.[9] Одбраната на Бошкоски понатаму тврди дека документите што се однесуваат на десет викендички во Љуботенски Бачила не се релевантни за товарењата.[10] На крајот, според мислењето на Одбраната на Бошкоски, одобрувањето на поднесокот на Обвинителството би ги повредило правата на обвинетиот да се спротивстави на докази изнесени против него и би биле на штета на обвинетиот.[11]

4. Судскиот совет не му дава дозвола на Обвинителството да одговори на Реакцијата од Бошкоски бидејќи не постои соодветна оправданост за понатамошни поднесувања.

## Б. Законска регулатива

5. Според правило 89(В) од Правилникот Судскиот совет може да прифати какви било релевантни докази за коишто тој ќе смета дека имаат доказна вредност. Како што веќе било кажано во судската пракса на овој Меѓународен суд, „доказите можат да бидат прифатени само ако се релевантни, а тие се релевантни само ако имаат доказна вредност“.[12] Што се однесува до тврдењето на Одбраната на Бошкоски дека прифаќањето би го повредило правото на обвинетиот да се спротивстави на доказите изнесени против него, Судскиот совет забележува дека правило 89(В) било одобрено и прифатено со цел да се подобри ефикасноста на постапката, а во исто време да овозможи правично судење. Прифаќањето на ова правило само по себе не би требало да биде на штета на обвинетиот или на некој друг начин да го повредува правото на правично судење.

## В. Образложение

6. Документите за кои се бара прифаќање во доказните списи се однесуваат на проценка на штетата нанесена на куќи во Љуботен и во Љуботенски Бачила спроведена од страна на претставници на ИМГ, специјализирана меѓувладина агенција чиишто главни активности се итна реконструкција, обнова и развојни програми.[13] Проценувањето на штетите претставува

[7] Реакција од Бошкоски, пар. 7.
[8] Реакција од Бошкоски, параграфи 12 и 17.
[9] Реакција од Бошкоски, параграфи 13 и 18.
[10] Реакција од Бошкоски, параграфи 19 и 24.
[11] Реакција од Бошкоски, параграфи 20-23.
[12] *Обвинителот против Галиќ*, предмет бр. ИТ-98-29-АР73.2, Решение против интерлокуторната жалба во врска со правило 92*bis* (В), 7. јуни 2002, пар. 35.
[13] Доказен предмет 390, Изјава на сведок според правило 92*bis* од Јорген Енгел од 28. април 2004, 3. и 4. ноември 2004, пар. 5.

прва фаза при таква реконструкција.[14] Се вели дека процената на штетите на куќите во Љуботен од страна на ИМГ била извршена на 13. септември 2001.[15]

7. Автентичноста на овие документи не е спорна. Покрај тоа, Судскиот совет смета дека овие документи се релевантни за товарењата, особена во точка 2 од Обвинението.[16] Меѓутоа, документите што се однесуваат на 10 викендички во Љуботенски Бачила, под број на доказен материјал N000-7233-N000-7242,[17] не се релевантни бидејќи спаѓаат надвор од географскиот опсег на Обвинението. Според тоа овие документи нема да бидат прифатени.

8. Што се однесува на веродостојноста, овие документи се релевантни за процената на штетата на 78 семејни куќи во селото Љуботен спроведена од ИМГ на 13. септември 2001.[18] Според мислењето на Судскиот совет информациите што ги дава Јорген Енгел, шеф на канцеларијата и Резидентен претставник на ИМГ во Скопје, во врска со тоа како биле добиени информациите содржани во овие документи и како била спроведена проценката му овозможуваат на Судскиот совет во доволна мера да ја прифати нивната веродостојност за сегашната намена.[19] Г. Јорген Енгел не учествувал лично во проценката на штетата, но проценката била спроведена според утврдениот систем на ИМГ со којшто сведокот бил запознаен со оглед на неговата раководна позиција. Врз основа на тоа сведокот може да го потврди системот на проценка на штетата на којшто се придржувале овластени архитекти и градежни инженери[20] коишто всушност ги извршиле проценките, а покрај тоа Судскиот совет може да има увид во штетите од фотографиите што се дел од проценката.

9. Информациите изнесени во четирите изјави на Канцеларијата на Обвинителот на кои упатува Одбраната на Бошкоски може да сугерираат дека некои куќи во Љуботен коишто биле проценети всушност можеби не биле обновени. Покрај тоа може да постојат извесни разлики или забуни на листата составена од ИМГ во врска со имињата на сопственици и/или корисници на оштетените куќи во Љуботен што биле проценувани. Судскиот совет смета дека овие проблеми, дури и да се утврди дека постојат, не се битни и не ги прават проценките неверодостојни во однос на целите релевантни за прашањата во овој предмет.

10. Во врска со датумот на оштетувањето, според мислењето на Судскиот совет, важно е да може да се издвои проценетата штета што била причинета во временскиот период

---

[14] Доказен предмет 390, пар. 8.
[15] Доказен предмет 390, пар. 11.
[16] Второ изменето и дополнето обвинение од 4. април 2006, пар. 24.
[17] Поднесок, Анекс Г и Анекс З.
[18] Доказен предмет 390, параграфи 11 и 16.
[19] Доказен предмет 390, параграфи 11-14.
[20] Доказен предмет 390, пар. 13.

наведен во Обвинението од сите други оштетувања.[21] Процената на штетата била извршена на 13. септември 2001. Во доказите изложени пред Судскиот совет ништо не упатува на тоа дека имало оштетување на куќи во селото Љуботен во рамките на овој временски период освен во периодот наведен во Обвинението, имено меѓу 10. и 12. август 2001, со исклучок на едно упатување во Доказниот предмет 1D32, еден извештај на ОБСЕ, во кој стои дека 3 куќи во Љуботен и еден помошен објект биле оштетени на 16. и 17. август 2001.[22] Две од овие куќи се претставени на една скица направена од сведокот Петер Букарт,[23] но другите куќи и помошниот објект засега не се идентификувани во доказите. И покрај тоа, Судскиот совет ќе биде во можност врз основа на доказите да направи процена за природата и обемот на оштетувањата во Љуботен предизвикани меѓу 10. и 12. август, со тоа што ќе ги земе предвид околностите на кои се упатува во следниот параграф на ова решение. Овие документи ќе бидат прифатени.

11. Во проценките на ИМГ се утврдуваат некои оштетувања за коишто не е јасно дали оштетувањето настанало за време на конфликтот. Ова ќе биде проценето и земено предвид од страна на Судскиот совет при неговото разгледување на документите. Спротивно на тврдењето од старна на Одбраната на Бошкоски, тоа не ги прави проценките на ИМГ неприфатливи поради неверодостојност или нерелевантност.

Според гореизнесеното и во согласност со правило 54 и 89 од Правилникот, Судскиот совет

**ГО ДОНЕСУВА СЛЕДНОТО РЕШЕНИЕ:**

(1) Предложените документи означени со броеви на доказни материјали: N000-7148, N000-7149-N000-7152, N000-7153-N000-7154, N000-7155-N000-7232, N000-7243, N000-7244, N000-7245-N000-7260 и N000-8634-N000-8635 ќе бидат прифатени во доказните списи.

(2) Предложените документи означени со броеви на доказни материјали: N000-7233-N000-7242 нема да бидат прифатени во доказните списи.

**ГО ЗАДОЛЖУВА** Секретаријатот да им определи броеви на доказни предмети на прифатените документи и соодветно да го извести Судскиот совет и страните во писмена форма.

---

[21] *Обвинителот против Стругар*, предмет бр. ИТ-01-42-Т, Решение за прифатливоста на определени документи, 26. мај 2004, пар. 12.
[22] Реакција од Бошкоски, пар. 12.
[23] Доказен предмет 334.

Составено на англиски и на француски, при што англиската верзија е меродавна.

(своерачен потпис на оригиналот)

**Судија Кевин Паркер**

**Претседавач**

Датирано од 27. август 2007,

Во Хаг

Холандија

**[Печат на Меѓународниот суд]**